ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 45-1084/9
Датум: 01.10.2020
Скопје

Врз основа на член 35, став 1,2,3,4,5,6,7,8 и 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното

## СООПШТЕНИЕ

За организирање на Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален Урбанистички План за Блок 9 од Градска Четврт ССИ 03, Општина Карпош и Општина Чаир.

Јавната анкета по Предлог Детален Урбанистички План за Блок 9 од Градска Четврт ССИ 03, Општина Карпош и Општина Чаир, Скопје, ќе се одржи од 02.10.2020 година до 08.10.2020 година, секој работен ден, од 08.00 до 15.00 часот, во просториите на Општина Карпош-Скопје.

Јавната презентација по Предлог Детален Урбанистички План за Блок 9 од Градска Четврт ССИ 03, Општина Карпош и Општина Чаир, Скопје, ќе се одржи на ден 07.10.2020 год., во 14.00 часот, во просториите на Општина Карпош-Скопје.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Блокот 9 од Градска Четврт ССИ 03, Општина Карпош и Општина Чаир како што е одреден со Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје за четврт ССИ 03, 2018-2022. Истата се движи како што следи:

- На север границата се протега по оска на планирана сервисна сообраќајница „С7",
- На северозапад и запад границата се протега по оска на планирана сервисна сообраќајница „С5" и „С4",
- На југозапад границата се протега по оска на транзитна магистрална улица бул.„Никола Карев",
- На југоисток границата се протега по оска на планирана сервисна сообраќајница „С1",
- На исток: по оска на градска магистрална улица бул. „М. Косовска бригада".

Површините на блокот во регулаторните линии дефинирани со урбанистички план за четврт изнесува 18,894 ха.

Анкетните листови за учество ва Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Соопштението за организирање на Повторна Јавна Презентација и Јавна анкета, Графичкиот приказ за Предлог Детален Урбанистички План за Блок 9 од Градска Четврт ССИ 03, Општина Карпош и Општина Чаир - Скопје, и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев

STEFAN BOGOEV

Digitally signed by STEFAN BOGOEV
Date: 2020-10-01 14:21+02:00

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*